Konrad-Adenauer-Stiftung e.V.
Medienprogramm Südosteuropa
November 2014

www.kas.de / medien-europa

# Pressespiegel

South East Europe Media Forum
„Media in South East Europe: Not enough or too much information?"

16.-18. Oktober 2014,
Skopje, Mazedonien

Konrad Adenauer Stiftung
Media Program

**Online** ....................................................................................................5
Хихирику пак ќе кукурига – по две недели се враќа на радио......................................5
ФОРУМОТ НА СЕЕМО ЈА ВРАТИ „ХИХИРИКУ" НА ПРОГРАМА ..............................10
Новинари и министерот за надворешни работи на иста маса говореа за состојбата со медиумите и новинарството во земјава. ...................................14
Macedonia: The media scene could have make a better use of the skills of a Mourinho-like professional rather than of Messi’ or Ronaldo’ ones........................16
И странските новинари загрижени за слободата на медиумите........................18
ИНТЕРВЈУ - МАКЕДОНИЈА НЕ Е БЕЛОРУСИЈА, АМА ИМА ПРОБЛЕМИ ..................19
OBC Offers Insight into Media Freedom in Southeast Europe...............................22
Outstanding Merits in Investigative Journalism Awards .....................................23
bianet'in Katıldığı Güneydoğu Avrupa Medya Forumu Üsküp’te Başladı .................24
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации"........................................................................26
SEEMF'ye Türkiye'den iki üye.........................................................................27
Güneydoğu Avrupa Medya Forumu'nda (SEEMF) Medya Politikaları başlıklı toplantı başladı.....................................................................................................27
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации"........................................................................29
Форум за медиумите во Југоисточна Европа, Скопје 16 и 17 октомври..............30
Медиумите во Југоисточна Европа - Недоволно или премногу информации.......31
Macedonia Takes over Presidency of Central European Initiative .........................32
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации"........................................................................33
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“........................................................................34
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“........................................................................35
МЕЃУНАРОДНА КОНФЕРЕНЦИЈА:МЕДИУМИТЕ ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА-НЕДОВОЛНО ИЛИ ПРЕМНОГУ ИНФОРМАЦИИ................................................36
„Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“ .....37
ДЕНЕС И УТРЕ ВО СКОПЈЕ..............................................................................38
Конференција за медиуми: Новинарите побараа ослободување на Кежаровски 39
Осми форум на медиумите во Југоисточна Европа (VIII South East Europe Media Forum -SEEMF), ќе се одржи во четврток во Скопје. .....................................41

Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“ ..... 42
И странските новинари загрижени за слободата на медиумите ..... 43
Осми форум на медиумите во Југоисточна Европа (VIII South East Europe Media Forum -SEEMF), ќе се одржи во четврток во Скопје ..... 44
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“ ..... 45
Осми форум на медиумите во Југоисточна Европа ..... 46
ВИСОКИОТ ЕВРОПСКИ НОВИНАРСКИ ФОРУМ ЈА ВРАТИ "ХИХИРИХУ" НА ПРОГРАМАТА ..... 47
Медиите в Югоизточна Европа – монополизирани, несолидарни и страхливи ..... 52
Voices from the VIII SEEMF: Oliver Vujović ..... 53
OBC per la libertà di stampa al SEEMF 2014 ..... 55
More than 200 participants from media, civil society, academia and business community gather in Skopje at VIII South East Europe Media Forum ..... 57
South East Media Forum: informazione è libertà ..... 58
Premio Seemo-Cei 2014 alla giornalista serba Stanković ..... 60
Giornalista serba Brankica Stankovic vince Premio Cei Seemo Sezione 'giovani',menzione speciale a giornalisti Bosnia,Ucraina ..... 62
EI-SEEMO: premio giornalismo investigativo 2014 ..... 63
Nagrada Brankici Stanković ..... 65
B92 Journalist Brankica Stankovic wins CEI SEEMO Award ..... 66
Investigative Reporter aus Serbien und Bosnien-Herzegowina mit CEI Award ausgezeichnet ..... 67
Skopje Media Forum: le relazioni pericolose ..... 70
VIII. South East Europe Media Forum (SEEMF) ..... 72
SEEMF 2014: Start der Medienplattform “Balkanmedia” ..... 73
SEEMF 2014: Freie Medien Voraussetzung für EU-Beitritt ..... 75
SEEMF 2014: Das Engagement von ROG ..... 77
VIII Medijski forum jugoistočne Evrope ..... 78
CEI SEEMO Nagrada za zasluge u istraživačkom novinarstvu – Rok: 30 Maj 2014 ..... 79
#SEEMF2014 Božena Jelušić (Vijesti.me) On Self-regulation ..... 81
Novinarke CIN-a dobitnice međunarodne nagrade ..... 82
SEEMF: Premalo ili previše informacija? ..... 83
Brankici Stanković još jedna nagrada za istraživačko novinarstvo ..... 84
CDRSEE Board Member Nenad Sebek receives SEEMO award ..... 85

Nedovoljno ili previše informacija? ..... 86
South East Europe Media Forum ..... 87
Skopje. 16-18 October South East Europe Media Forum (SEEMF) ..... 88
Награда за изузетне заслуге у истраживачком новинарству ..... 89
Premio Seemo Cei a Brankica Stankovic ..... 90
SEEMF Skopje 2014 – Press Freedom Panel The Censorship disquised in free countries – Video ..... 91
South East Media Forum: informazione è libertà ..... 92
Voci dall'VIII SEEMF: Oliver Vujovic ..... 92
Skopje Media Forum: le relazioni pericolose ..... 92
B92 Journalist Brankica Stankovic wins CEI SEEMO Award ..... 93
CEEMO загрижена за медиумите во Македонија ..... 94
Орав: Состојбата со медиумите во Македонија продолжува да биде проблематична ..... 95
ПАЃА БРОЈОТ НА СУДСКИ СЛУЧАИ ПРОТИВ НОВИНАРИТЕ, НО РАСТЕ ПРИТИСОКОТ ..... 96
Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“ ..... 102
Дебата „Медиумите и политика во Македонија“ ..... 103
Го забранија и „Хихирику“ ..... 105

## South East Europe Media Forum 2014
## Pressespiegel

### Online

Libertas.mk
17.10.2014

### Хихирику пак ќе кукурига – по две недели се враќа на радио



Ова е мала, но значајна победа на преживеаниот дел на критичката  јавност за ослободување на медиумите

Има надеж, не е сè изгубено. Забранетата Хихируку се враќа на радио брановите на Радио Скопје по две недели молк. По текстот „Го забранија и Хихирику" во Утрински Весник и по јавниот настап на Конференцијата на СЕЕМО што се одржува во Скопје на која присуствуваат новинари, медиумски експерти, пратеници во парламентите, поранешни министри и претседатели на држави од преку 20 земји експресно се вклучија штапските партиски жешки линии. Итно е повикан авторот Иван Карадак во Политбирото на разговор со менаџментот и одговорните уредници. Падна нова наредба: Хихирику продолжува како и цели 40 години да кукурига како култна сатирична најслушана програма на Радио Скопје. Вклучете го радиото во недела во 11 часот – почнува емисијата за хумор и… сатира Хихирику.
Оваа победа на преживеаниот дел на критичката јавност, колку и да е навидум мала, е значајна и го покажува патоказот дека не треба да се плашиме во битките за слободни медиуми. Хихирику во недела ќе продолжи, се надевам со истата жестина, без самоцензура, да го исмева нашиот примитивизам, провинцијализам, злоупотребата на власта, да го жигосува криминалот и корупцијата како што тоа и го прави сите овие децении.
Ова не е мала победа во земјата каде се забранува хуморот и сатирата кои се на исчезнување. Веста е добра, ама нема место за голема радост и триумф. Самата помисла да се угаси најголемиот бренд и имиџот на радио Скопје, да се забрани сатирата и хуморот, па макар тоа било и само две недели, со изговор дека нема пари за бедни хонорари од по 150 до 200 евра месечно на врвни артисти од нашите театри, е силен аларм кој ечи како сирена дека е последен миг за храбра и машка борба за ослободување на заробените македонски медиуми. Оваа трагична епизода со Хихирику е парадигма на

состојбите и јасна насока како да се вратиме на позициите кои беа одамна освоени. Не може да биде целосна победа ако некој си дава за право да гаси и пали, да дава наредби и директиви што може да слушаат гледаат и читаат граѓаните на државата за свои пари. Убиство на демократијата и слободата не се случува само кога власта го ограничува правото на информирање на граѓаните, туку и кога преку своите бирократски механизми го оневозможува пристапот на јавноста брзо да ја провери точноста на информацијата. За ваквите забрани во втората декада на 21 век мораме еднаш да кажеме јасно и гласно: „Доста е", па кој сака нека биде. Битката за демократија нема крај. Таа никогаш не завршува, и денеска сè уште трае и во Скандинавија и во Азија и во Америка и во Африка и во Западна и во Источна Европа, само нивоата се различни. Пред само шест години македонскиот журнализам се соочуваше со проблеми кои ги имаат и најразвиените држави во светот. Во 2008 година бевме на 34 место на светската ранг листа на Репортери без граници, за веќе во 2014 година да бидеме на 123 место заедно со азиските и африканските режими. Што ни се случи во овие шест години, кога од извонредното 34 место со кое не бевме најзадоволни, а сега со 123 место молчиме како риби, дури и кога сатирата се забранува. Се случи целосна деградација на еден од основните предуслови за воспоставување на демократијата во една земја. Урнати се темелите на слободното информирање. Македонските најгледани телевизии се ставени под целосна контрола на власта, а таа што не ја прифати новата улога е уништена до темел со 100-годишна казна затвор за сопственикот и менаџментот. До 2008 година и оваа телевизија беше фалена од власта и добредојдена како деловен и коалиционен партнер на владата. Штом заврши љубовта, стасаа полицијата и судот. Вкупно еден век затвор и катанец на врата. Кај другите ТВ газди, кои си беа во скутот на власта и пропагатори на владините политики, влезе страв во коски, бидејќи телевизиите се само одбранбен механизам за нивните други големи бизниси. Една по една сите најгледани телевизии се наредија на владината трибина со невидено досега полтронско и апологетско фабрикување на вестите и информациите кои никогаш не можете бргу да ги проверите колку се точни. Јавниот сервис МРТВ и во овие критички години продолжи да биде изборно наследство на секоја власт со послушност како никогаш досега.
Се разбира, ни власта не им остана должна на своите медиумски партнери. Таа е и натаму е најголемиот огласувач со народни пари кај телевизиите кои даваат целосна и безрезервна поддршка на владините политики. На овој начин е воспоставена доктрината како да се стимулира лошото апологетско новинарство. Таа операција е успешно изведена со гебелсовската стратегија дека се што критички пишува за власта е предавник и непријател на татковината, странски платеник, кодош или криминалец. Со ригорозната контрола на најгледаните и највлијателни медиуми влеговме во црвена фаза кога повеќе не се потребни притисоци и драконски казни на новинарите и редакциите. Тие во најголем број се престроени со патриотска уредувачка политика која се осмислува и спроведува во партиските штабови. Останаа само малку медиуми и портали кои можат да дишат на шкрги соочени со тешки финансиски проблеми.
Гледате ли што се случува со Конференцијата на СЕЕМО која не случајно се одржува во Скопје. Го гледав господин Данило Тирк поранешниот словенечки претседател на државата, на владата и на Собранието како со часови трпливо седи и ги слуша излагањата и дискусиите, ги гледав странските дипломати и пратеници, поранешни министри и високи функционери на големи меѓународни асоцијации и фондации. Ги слушав внимателно дискусиите на голем број странски новинари и уредници. И не можам да не го споделам со вас впечатокот дека во ваков репрезентативен состав и значајна трибина македонската влада го прати министерот за надворешни работи Никола Попоски да ја брани големата слобода на медиумите. Човекот не знаеше дали Хихирику се дава на радио, или на телевизија. На сите вакви собири уводните излагања се на премиерите, или на претседателите на државите. Нашите најодговорни народни избраници не дојдоа да се соочат со големите демократски дострели на Македонија според тоа како ги гледаат другите. Видлив е бојкотот на провладините медиуми на оваа голема меѓународна

конференција на асоцијацијата СЕЕМО за подобрување на медиумските слободи и стандарди.
Затоа, повторното кукуригање на петелот на Радио Скопје е, чинам, голема победа на патот кон демократијата.
Втората победа ќе биде набргу со ослободувањето на новинарот Томислав Кежаровски кој е единствен новинар во Европа осуден на казна затвор за откривање на идентитетот на заштитен сведок пред речиси шест години. Третата победа е најзначајна: Македонија ќе мора да ги ослободи медиумите ако сака да продолжи по патот на Европа и НАТО. Но, тоа нема да падне како подарок од небото, а најмалку од било која власт. Мора да ја добиеме таа битка преку борба со аргументи и дијалог, со еснафска и професионална храброст. Ќе победиме прво на домашен терен , па потоа и на гостување во Брисел.
Поинаку не бидува.

Link:
http://libertas.mk/%D1%85%D0%B8%D1%85%D0%B8%D1%80%D0%B8%D0%BA%D1%83-%D0%BF%D0%B0%D0%BA-%D1%9C%D0%B5-%D0%BA%D1%83%D0%BA%D1%83%D1%80%D0%B8%D0%B3%D0%B0-%D0%BF%D0%BE-%D0%B4%D0%B2%D0%B5-%D0%BD%D0%B5%D0%B4%D0%B5%D0%BB%D0%B8/

uns.org
20.10.2014

**Аутор: Милош Митровић Извор: Данас**
**Грујо, Ево и Ацо**

Хумористичка емисија „Хихирику“ која се на Радију Скопље емитовала 40 година недавно је укинута.
Званично објашњење је да више није било пара за хонораре.
„Македонску радио емисију, чије рано кукурикање је деценијама будило нацију, која је наџивела све системе и кризе, заклали су и појели за доручак велики демократи, партијски извршитељи и уредници вођени бригом да се не узнемирава власт“, тако је ствар пластично описао Ерол Ризаов, уредник скопског Утринског весника.
Звучи ли вам ово познато?
Прошле године са радија Б92 нестала је емисија „Ментално разгибавање“ пошто су се, поред осталог, њени водитељи добро забавили мењајући Курца по падежима. СНС-у то није било смешно.
Или то причају само зли језици?
Какве везе има СНС са приватним радијом ама баш никакве. Као што нема никакве везе са приватном телевизијом која укида „Утисак недеље“. И као што нема ништа са Студијом Б пред приватизацијом који укида политичке емисије. Горан Михајловски, председник организације СЕЕМО за Македонију, прошле недеље је изјавио да у Македонији „аутоцензура убија новинарство“ и да је ситуација најгора од како је Македонија стекла независност. Звучи ли вам ово познато?
Реакција Александра Вучића на наводе из последњег извештаја Европске комисије о растућој тенденцији аутоцензуре у Србији када је рекао „шта ја ту да учиним“ мени је личила на одбрану у стилу шта ја имам везе с тим.
Ма не да немам везе, још ћу и да те ослободим страха од мене и охрабрим те да пишеш, уз оно „батице јел те неко диро да му ј...“ Македонија има и један драстичан случај.
Новинар Томислав Кежаровски је већ годину и по дана у кућном притвору зато што је, тобоже, открио идентитет заштићеног сведока убиства у једном селу код Велеса.
Прети му 4,5 година робије ако Апелациони суд одбаци жалбу на првостепену пресуду.
Међународне новинарске организације и представници земаља ЕУ инсистирају да је политика уплетена у случај, апелују на власт да се уразуми, а извештај Европске комисије потцртава да у Македонији постоји забрињавајући утицај извршне на законодавну власт. Захтева се аболиција за Кежаровског.
Међутим, влада Николе Груевског објашњава Европи да је Македонија демократска земља и да је правосуђе независно. Добро су македонски новинари на СЕЕМО конференцији прошле недеље у Скопљу презнојили шефа дипломатије Попоског тражећи одговор на питање шта ће бити с Кежаровским. Попоски је понављао како је подела власти у Македонији светиња и како је Дуња Мијатовић из ОЕБС-а, поменуо ју је бар пет пута, много погрешила описујући стање медијских слобода у Македонији као забрињавајуће. Звучи познато?
То је иста она Дуња Мијатовић која је говорила о хакерисању сајтова у Србији, цензури и аутоцензури здраво увредивши Вучића који је од ње тражио извињење. Умало је није позвао на двобој. Македонски недељник Фокус пише о једном политичару који је за досадашње владавине „преузео контролу над многим медијима које је означио као опозиционе“. И још да је „многим кампањама успео да избрише линију између своје партије и државе“.
Опозиција је слаба, „диктаторска власт је лоша, али је без опозиције још страшнија“.
Фокус објашњава да није реч о Груји, како Македонци зову свог премијера, већ о

председнику Боливије Еву Моралесу. Али: „Сврти-заврти, рецептурата за авторитарни режими се темели на исти состојки“.

Link: http://www.uns.org.rs/desk/media-news/27106/grujo-evo-i-aco.html?print=true

Gevgelijanet.com

24.10.2014

## ФОРУМОТ НА СЕЕМО ЈА ВРАТИ „ХИХИРИКУ“ НА ПРОГРАМА






"Демократијата е нешто кршливо и неа, во тие рамки и слободата на медиумите и правото на информирање треба да ги градиме секое утро одново" - истакна во саботата во амфитеатарот во Образовниот центар М6 во Автокоманда професорката Елен Мицкиевич од далечниот, но фамозен Универзитет Стенфорд. Таа беше воведничар на темата за "добредојденоста на новинарите онаму каде куршумите летаат", очевидно предтекст за соочувањето на украинските современи журналистички искуства. Беше тоа трет ден откако како град станавме домаќини на едно чудо припадници на т.н. седма сила кои од сите страни на Европа и Кавказот дојдоа да разговараат на дузина теми, не предизвикувајќи никаков интерес во домашните медиуми со провладини профили, со мали искучоци кај оние од другата страна на улицата а и тие завиткани во недоволното љубопитство за темите.

А не им беше лесно ниту на гостите. Беа прилично шокирани од она со што се соочија во центарот на Скопје, тој простор со мноштво на споменици, оловни коњаници и кичерај од секаков вид на кејовите на Вардар. Во некои англиски дела ("Соба со поглед"), да потсетиме, се опишува шокот на туристите од Темза кога ќе дојделе во Фиренца и ќе се

соочеле со мајсторството на ренесансните автори. Тој шок бил толку голем што некои паѓале во несвест, многу се разболувале и морале итно да се враќаат назад!
Овој пат имавме шок од невкусот и антиурбанизмот кој им го приредивме на европските новинари, фоторепортери а највеќе од се на новинарска НВО бирократија - искусни борци за разни форми на медиумски права, кои можат да се сметаат за нашетани и секако од прва можат да одмерат "што е што" во некоја урбана појавност. Несомнено дека на сите нив им требаше време да земат здив од она со што се сретнаа во последниот светски "Дизниленд", иако и самиот избор на нашиот главен град за место на средба на гореименуваните веќе алудираше дека стануваме лепак за светскиот интере,с откако имаме таков вртоглав пад на земјава на листата на медиумски слободи. Да скусиме - најголемата концентрација на европски новинари минатата недела се случи во нашиот Холидеј Ин по повод Осмиот форум на СЕЕМО - Европската иницијатива за медиуми во Југоисточна Европа, инаку со седиште во Виена.
Како коорганизатори се јавија Фондацијата Конрад Аденауер (КАС), УНЕСКО, Меѓународната академија - Меѓународниот медиумски центар (ВС -IMC) и Југоисточна и Централна Европа ПР организација (SECEPRO) а домаќини официјално беа Македонскиот институт за медиуми и Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ).
Темата на собирот беше - недоволно или премногу информации? Дискусиите беа завртени кон низа поттеми како што беа - правото за пристап до информации и податоци, приватност и заштита на новинарските извори, саморегулативата и стандарди на квалитетно известување, новинарите на боиштето - во мигот кога куршумот лета кон вас, имаше работилница за клевета и безбедносна мрежа за европски новинари.а се разговараше и за цензурата, маскирана во слободни земји.
Посебно внимание беше посветено на информирањето од кризните жаришта во Украина. Кристијан Шпар, раководител на КАС програма за медиуми во Југоисточна Европа на отворањето рече дека "денес граѓаните и новинарите нема недостаток на информации - тие ги има доволно, но информациите што ги добиваат корисниците често се нецелосни и пристрасни, особено во време на конфликт и политичката транзиција.. , ние треба да се дебатира дали медиумите ги информира или дезинформираат".
Поздравно обраќање на учесниците во СЕЕМО имаше Никола Попоски министерот за надворешни работи на Република Македонија, чиј избор секако покажа дека власта ќе сака евентуалните неповолни заклучоци по себе од собирот да ги "екстериторијализира", одбегнувајќи тука да го прати министерот задолжен за информирањето - Иво Ивановски или министерот за европинтеграции Бесими, на пример. Ако сакаше, министерот Попоски тука имаше и со кого да се сретне - беа присутни Јохан вадефул, член на германскиот Бундестаг и Комитетот за надворешни работи, потоа Данило Тирк, претседател на Словенија 2007-2012 а неколкупати со форумот претседаваше и Ерхард Бусек, поранешен авсриски вицеканцелар.

Новинарството од професија со свои општоприфатени правила се претвори во нешто што се наоѓа во шума од закони и правил - за ова на отворањето говореше претставничката на УНЕСКО Тарја Туртија. Во 160 држави во светот во просек има по 16 закони од оваа сфера. Тоа од една страна ја нагласува потребатѕа од постоењето на медиумите за развој на мдиумите, но ги прави и претпазливи самите новинари ко исега мора да "трпат" обуки од најразличен вид за да се спасат од острицата на законите. За домаќинот, претседателот на македонскиот СЕЕМО Горан Михајловски како да нема потреба од толкав страв - неговите колеги од земјава можат да го напишат најсодржајниот правилник за самоцензура
Она што домаќините го кажаа на овој собир бешекоцентрирано на две точки - ослободувањето на Кежаровски, чиј случај во петок оди на Апелација и казната за "Фокус" по тужбата за навреда од страна на првиот "де-бе-еец" Мијалков. Лавина од критики мораше да издржи присутниот министер, не многу надележен за материјата ама определен од неговата Влада да биде дежурна боксерска вреќа. Ниту его трипот на

Јасмина Миронски и обидот на уредничката на МТВ Билјана Василева Трендафилова да говорат за неутрално информирање не беа доволна тампон зона. Министерот беше директно прашан дали ќе се заложи за аболиција на Кежаровски кај претседателот на државата а тој одговори дека е добро се да се заврши во рамките на правосудството. Но од домашните и странски опсервери се заредија примери кои покажуваа дека власта директно се вмешува во ингеренциите на судовите, шри што беше предочен и извештајот на ЕУ. Дури и висината на казната е проценета (четири ипол години) е процвенета како доказ дека судството и се додворува на политиката.
- Нетранспарентното владино рекламирање ја доведува во прашање слободата на медиумите, оценува генералниот секретар на Организацијата за медиуми на Југоисточна Европа - искоментира Оливер Вујовиќ, генерален секретар на СЕЕМО. Според него, поголемата транспарентност на државата ќе ја зајакне слободата на медиумите и земјата нема да тоне на скалата на слободата на изразување. "Она што нас посебно не загрижува во Македонија е владиното рекламирање. Како се одредуваат средства за рекламирање и на кој начин тие се распределуваат. Тука навистина недостасува транспарентност. Ние пред две години имавме средба со македонскиот премиер и оттогаш се обидуваме да добиеме некои официјални податоци, но уште не сме добиле одговор колку државата одвојува пари за реклмирање во медиумите", изјави Оливер Вујовиќ.

Освен странските новинари, и домашните изразија загриженост за слободата на изразување, осврнувајќи се на самоцензурата како еден од најголемите проблеми во новинарството. Ерол Ризаов од Утрински го наведен примерот на укинувањето на последната хумористична емисија Хихирику од страна на раководството на МТВ (следниот ден ова беше демантирано и беше речено дека е исијата ќе се врати на програмата). Притисокот за Кежаровски и промена на неговата состојба од страна на присутните беше толку силен што секако местото на кое седеше министерот Попоски стана "жешко столче" а не беше попријанто и за претставничката на МТВ која доби јасни пораки од странските новинари дека тие биле тука за време на неколку избори и виделе дека МТВ е апсолутно во рацете на сегашната власт!
Вујовиќ во интервјуто за Утрински призна дека имале неколку мотиви за да дојдат со оваа сесија во Скопје. "Знаевме дека не смееме да ја заборавиме Македонија и дека треба сериозно да бидеме присутни тука. Се разбира, дел од одговорноста е и кај новинарите, бидејќи, не постои солидарност и нема единствен став околу некои прашања. Но, од друга страна, најголемата одговорност е кај државата, која треба да создаде услови, да донесе закони. Државата е таа која управува со големи финансии. Очекуваме државата да има поголемо разбирање за потребите на новинарите" - порача тој.
Скот Грифин од Меѓународниот институт за печат, кој ги истражувал законите за клевета и навреда се осврна и на случајот во кој неделникот Фокус беше осуден за клевета, при што нагласи дека казната е висока за македонскиот стандард. Тој напомена и дека биле запознаени и со контрадикторноста на судските одлуки за слични случаи.
"Сето ова покажува дека без разлика колку е добар законот како таков, можно е да постојат и други надворешни фактори кои можат да придонесат до чилинг ефект, поради келеветата", изјави Грифин.
Грифин порача дека 23 земји членки на ЕУ ја третираат клеветата како кривично дело. Според него, 20 земји пак имаат и затворски казни за клевета од просечно времетраење од две години. Додека во 14 земји членки на ЕУ има новинарите осудени за клевета.
Глобус во следните броеви ќе донесува дел до дискусиите на одредени теми. Колку за македонските петставници тие видливо се намалија следните денови а ефектот од присуството на две теми пласирани на Форумот (Кежаровски Фокус), можеби беше и прескромен. Згора од ЗНМ рекао дека се на прагот солидарно да соберат помош за редакцијата ан Фокус, со што на тој план притисокот и веднаш избледе, а за Кежаровски

останува неделава да се види дали имало ефекти од последната интернационализација на темата.
Дел од дискутантие од странство исто така јанво рекоа дека ова што го виделе на Плоштадот и околните улици е јасен доказ на корупција во една сиромашна земја. Особено беа зајадливи кон можноста дел до тие споменици да се донација на некои НВО - во Европа НВО-ата мака мачат да преживеат а кај нас дури даруваат огромни оловни коњаници...
Фокусираин врз два поединечни случаи, без дискутанти во сите денови на Форумот на СЕЕМО, не ги искористивме како домаќини настанот за да обезбедиме стратешки и финансиски мостови со Европа за загрозените медиуми. А видовме многу присутни како дел од сериозни проекти кои опстојуваат со години.
Неспорно е дека "Хихириху" ја доби третата шанса во својата историја.

Link: http://www.gevgelijanet.com/index.php/2014-01-09-21-22-36/2014-01-14-19-32-15/item/846-%D1%84%D0%BE%D1%80%D1%83%D0%BC%D0%BE%D1%82-%D0%BD%D0%B0-%D1%81%D0%B5%D0%B5%D0%BC%D0%BE-%D1%98%D0%B0-%D0%B2%D1%80%D0%B0%D1%82%D0%B8-%E2%80%9E%D1%85%D0%B8%D1%85%D0%B8%D1%80%D0%B8%D0%BA%D1%83%E2%80%9C-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0

Fokus.mk
16.10.2014

## Новинари и министерот за надворешни работи на иста маса говореа за состојбата со медиумите и новинарството во земјава.




На форумот за медиуми организиран од СЕЕМО (Југоисточна медиумска организација) во Скопје, новинарот на „Утрински весник“, Ерол Ризаов му одржа лекција по новинарство и медиуми на министерот за надворешни работи Никола Попоски. Неколкумина новинари седнаа на главната маса до министерот и имаа право да му постават по едно прашање. Ризаов не постави прашање, но сликовито му ја опиша состојбата во медиумите и новинарството во Македонија.

„Очекував премиерот да е тука затоа што секогаш на форумите на СЕЕМО гостуваат премиери и претседатели.  Во оваа пригода министре нема да ве прашам ништо. И онака ве слушам секој ден и ви ги знам ставовите. Но, она што е поважно, пред 20 дена од радио програмата на националниот јавен сервис е симната хумористичната серија Хихирику.  Месечно хонорарите биле 1.400 евра за осумтемина кои работеле на емисијата. Затоа министере излишно е да зборуваме за медиумите, па и за другите состојби во општеството. Тој што го санкционира хуморот и политичката иронија има проблем сам со себе. Значи министре нема сатира, туку голема цензура“- заврши Ризаов.

Министерот Попоски иако не беше прашан, сепак одговори дека и тој би се вклучил во некаква активност за да помогне во надминување на состојбата, што ни од далеку не ги допре констатациите на Ризаов.

Насер Селмани од ЗНМ беше заинтересиран за новинарот Кежаровски, па затоа го праша Попоски зошто тој и Владата не иницираат, преку министерот за правда, постапка за аболиција на новинарот, за Македонија да не стане втор пример во Европа, по Турција, со затворен новинар. Попоски, очекувано, ја искористи реториката на власта дека не коментираат судски одлуки. Таквиот одговор го повтори неколку пати, затоа што освен Селмани кој го повтори прашањето, реагираа и странски новинари, учесници на конференцијата со констатација дека прашањата што му се поставуваат за Кежаровски се политички и дека министерот мора да одговори. Сепак, Попоски не попушти и остана на проверениот и законски поткрепен одговор дека судски одлуки оваа власт не коментира.

Тоа што извештајот на ЕУ за Македонија постојано нотира дека судството е под контрола на власта, не беше доволна провокација за Попоски. Тоа дека сите меѓународни организации нотираат постојано намалување на слободата во медиумите, дека цензурата, па и автоцензурата се доминатни во новинарското известување, дека медиумите тонат во политичка кал и се одржуваат финансиски со владините реклами, не го смени ја ставот на министерот за кого ситуацијата во медиумскиот простор не можело да се гледа како црно – бела. Тогаш каква е? Сигурно бледа.
Попоски ја призна поларизацијата за која зборуваше новинарката Јасмина Миронски, која патем заклучи дека власта со ваквото третирање на медиумите придонела да исчезне јавноста и да нема јавно мислење. Но Попоски не сакаше да се согласи со Петрит Сарачини од МИМ дека поларизацијата настанала и се одржува затоа што власта деветта година избегнува јавно соочување со политичките противници. На прашањето на Сарачини кога министерот последен пат јавно, на медиум, се конфронтирал со преставник на опозицијата, Попоски не сакаше да  одговори.

Горан Михајловски  од Вест изнесе констатација дека во Македонија има „криза на доверба кај публиката“.
„Не е тема дали има медиуми или дали има информации, туку важно е дали сме релевантни, дали ни верува публиката? Затоа што веќе ние македонските новинари можеме да напишеме солиден прирачник за самоцензура“ – посочи Михајловски.
На сите други констатации и прашања на домашните и странските новинари, министерот Поповски вообичаено ги користеше истите фрази, па неколку пати се вртеше во круг само да ја оправда ситуацијата со медиумите и новинарството во Македонија и да ја подели одговоноста – дека сите сме имале одговорност за медиумите, а најмногу новинарите.
Форумот за медиуми ќе продолжи и утре. Деновиве во Скопје гостуваат еминетни имиња од новинарството и медиумските организации. Имаат цел да дебатираат за состојбата во медиумите, пред се во Македонија, како и за загрижувачата положба во која опстојува новинарството.

Link: http://fokus.mk/rizaov-so-lektsija-po-novinarstvo-za-popovski-za-kezharovski-nema-abolitsija/

Fairpress.eu
21.10.2015

## Macedonia: The media scene could have make a better use of the skills of a Mourinho-like professional rather than of Messi' or Ronaldo' ones

Does frequency of the ongoing activities and events organized aiming to address media freedom in Macedonia along with the latest, atypical yet refreshing involvement of the Government official (Minister of Foreign Affairs of the RM, Nikola Popovski) into the debate on media, implies solid steps undertaken to flatten ditches the professional journalism has dug itself in, in the past years, for safety reasons?

Expected to rather dismiss alike optimistic hopes, recently published EU Progress Report (October 2014) justifies these expectations by only fuelling bitterness in regard to media freedom questions at activists for human rights and media associations. However, surprisingly, the loudest critical statements were addressed from the side of the journalists and media analysts. Even though evaluated as critical enough by part of the media professionals, EU Report's position that "the media freedom is strongly affected in The Republic of Macedonia" was addressed as not presenting the situation with media in Macedonia in its entirety by keynote speaker on the debate "Freedom of speech and media in Macedonia", Kristian Mihr, director general of Reporters Without Borders. He stressed that cases of two journalists, Tomislav Kezarovski jailed for four-and-a-half years for revealing the identity of a protected witness in a murder trial in an article he wrote in 2008, and Zoran Bozinovski accused of being part of a high-profile spy ring that worked for an unnamed neighboring government are "sad symbols and even internationally perceived sad symbols of severe violations of freedom of information and we suggests that their names should be mentioned in the next progress report".

Uranija Pirovska, president of the Helsinki Committee of Human Rights in The Republic of Macedonia, continues this line of critics putting strong complaints and stating that The Report misses to distinct the case of Kezarovski out of the typical cases of the violation of the right of the freedom of speech and reporting. "Wording used in the EU Progress Report misses to address the fact that now, among many political prisoners in our country, we also have representative of media", says Pirovska.

Pirovska also calls upon established international standards that EU persistently forgets to include in its' reports and that should be implemented by States in regard to the treatment of media professionals addressing politicians in their work. She points out the case in which European Court of Human Rights decided positively on the appeal of the journalist on the decision of the Austrian Prime Court that has sentenced him for defamation of a politician. "Due to their function in public life, the level of exposure of politicians to critics and analyses should be extended especially when addressed by the media. In addition to this right, the State should provide mechanism to protect journalists from violence they are exposed to in their work", she finishes.

As the State of Austria has been forced to withdraw the sentence already made against the journalists in the above mentioned case, Reporters without borders finds that on October 24th, when the Prime Court in Macedonia will decide on the appeal of Kezarovski, "there is only one possible and acceptable decision – immediate release and drop down of any charges", Mihr concludes.

The above mentioned date has also offensively interfered in the, that far decent, debate among media professionals and Macedonian Minister of Foreign Affairs Nikola Popovski on the eight forum of media in Southeast Europe held in Skopje on 16th and 17th of October and organized by SEEMO. Patiently going through many questions they had on the forum, media professionals' and activists' for human rights' years of frustration with the silence from the

relevant officials, prevailed against the potential for decent and dignified debate. Staying half an hour longer then announced with the Agenda just to answer extensively newborn questions using (expectedly) politically correct tone but also “soft announcements
of potential soft measures” to be undertaken within future debates on situation with media freedom in the country, Popovski seemed to be stumbled by the direct question: “Would you use all your Minster privileges and influences to advocate for the rights of Kezarovski on the forthcoming date of the Appeal on 24th of October, 2014 and stand for the Court decision to withdraw charges against him?”.

Widely accused to be interfering in the Court proceedings by the opposition and part of the media scene as well and, on the final end, as stated in the last EU Progress Report - “Questions continue to be raised both inside and outside the country about possible political influence over certain court proceedings” it remains to be guessed what the public scene and the media themselves would have communicated tomorrow, if the answer of the Minster was clearly affirmative. His elaboration and referral to potential high profile inconvenience of any answer different than the one he provided only opened Pandora box of “parliamentary tools to express dissatisfaction”. Applauses, tam-taming, whistles and similar noises had definitely helped purify some of the ‘bad energy’ zipped within media professionals for several years now. The only constraint and fear though, is that the very same ‘liveliness’, might have stacked the communication channel these kinds of events are compelling enough to open, on the first place.

Understandable yet unfruitful anger and frustration, symptoms of apathy, extensive silence, disunity and growing lack of professionalism in media are recognized as milestones in showcasing diplomatic strength to win-back standards of professional journalism and the lost dignity of the profession, and it’s real role in a democratic society as could be heard from the words of journalists, media workers and analysts.

Pulling out the number of 500 journalists that lost their jobs in previous years thus justifying falling quality of the professional journalism in the country, Petrit Sarachini from Macedonian Institute for Media also named 5 pillars he finds could trigger environment with appropriate freedom of media and freedom of speech and stronger professional standards. Picking into the context of the below identified areas one could conclude that the media scene in Macedonia could have make a better use of the skills of a Mourinho-like professional rather than of Messi` or Ronaldo` ones.

Hoping to gain enough ‘additional time’ for appropriate media strategists to score, Sarachini suggests:

Creation of stronger connections between newsroom and the audiences for the audiences, today, is actually the media.

Coalitions among media and among journalists and journalistic associations are to be built.

Develop investigative journalism but also work on building influential investigative journalism outlets.

Develop self regulation at media – media should mark themselves as ethical, they sould build coalitions and joint codex and thus ditinguish themselves from the media marked as manipulative

Develop content to be published at all levels.

Each country in the region might recognize similar or new pillars to found it’s perfect strategy to convert fragile media situations into solid ones, as healthy democracies deserve. However, it seem that crucial questions are to be asked from the strategic point of view best described by the tweet Oliver Vujovic, SEEMO’s head shared, quoting Erhard Busek:

“What did we do wrong to improve the media in the past?”.

Link: [http://www.fairpress.eu/blog/2014/10/21/macedonia-the-media-scene-could-have-make-a-better-use-of-the-skills-of-a-mourinho-like-professional-rather-than-of-messi-or-ronaldo-ones/](http://www.fairpress.eu/blog/2014/10/21/macedonia-the-media-scene-could-have-make-a-better-use-of-the-skills-of-a-mourinho-like-professional-rather-than-of-messi-or-ronaldo-ones/)

24vesti.mk
22.10.2014

## И странските новинари загрижени за слободата на медиумите




Нетранспарентното владино рекламирање ја доведува во прашање слободата на медиумите, оценува генералниот секретар на Организацијата за медиуми на Југоисточна Европа, Оливер Вујовиќ.
Според него, поголемата транспарентност на државата ќе ја закне слободата на медиумите и земјата нема да тоне на скалата на слободата на изразување.
„Она што нас посебно не загрижува во Македонија е владиното рекламирање. Како се одредуваат средства за рекламирање и на кој начин тие се распределуваат. Тука навистина недостасува транспарентност. Ние пред две години имавме средба со македонскиот премиер и оттогаш се обидуваме да добиеме некои официјални податоци, но уште не сме добиле одговор колку државата одвојува пари за реклмирање во медиумите", изјави Оливер Вујовиќ – генерален секретар на SEEMO.
Освен странските новинари, и домашните изразија загриженост за слободата на изразување, осврнувајќи се на самоцензурата како еден од најголемите проблеми во новинарството.
На дебатата за медиумите и политиката во Македонија, присуствуваше и министерот за надворешни работи Никола Поповски кој оцени дека има простор за унапредување во оваа сфера, но тоа според него зависи од сите засегнати страни.
Во насока на унапредување на состојбата со слободата на медиумите, беше посебно поздравено формирањето на новиот Совет за етика на медиуми, како тело за саморегулација.

Link: http://24vesti.mk/i-stranskite-novinari-zagrizheni-za-slobodata-na-mediumite

Utrinski.mk
17.10.2014

## ИНТЕРВЈУ - МАКЕДОНИЈА НЕ Е БЕЛОРУСИЈА, АМА ИМА ПРОБЛЕМИ



Притисоците што се случуваат не се добри за новинарите, но и за Македонија како држава, вели Оливер Вујовиќ, генерален секретар на СЕЕМО (South East Europe Media Organisation) од Виена

Организацијата од која доаѓате е еден од организаторите на големата тридневна меѓународна конференција посветена на медиумите од Југоисточна Европа. Која е вашата мисија?

СЕЕМО е медиумска организација во Југоисточна Европа. Нашата главна улога е заштита на новинарите од притисоци. Освен тоа како регионална организација е активна во над 20 држави. Со самото тоа се обидуваме да бидеме еден вид мрежа за поврзување на новинарите од регионот. Една од нашите активности е организирање вакви конференции, со кои стартувавме во 2007 година и секоја година се одржуваат во друга држава. Идејата ни е да се позанимаваме со регионалните прашања, но и со проблемите на земјата-домаќин.

Дали тоа што годинава се одржува во Македонија е случаен избор или е резултат на претходните сознанија и потребата да им се даде поддршка на македонските медиуми?

Ништо не е случајно. Со оглед на тоа што еден ваков форум бара голема организација, уште пред една година донесовме одлука домаќин годинава да биде Македонија, бидејќи бевме многу загрижени за медиумската ситуација во вашата држава. Пред три години претставници на нашата организација имаа официјална средба со премиерот Никола Груевски. Она што мене ме разочара, без оглед што имавме фина средба со премиерот, е тоа што не добивме одговор колку државата директно и индиректно го помага огласувањето во медиумите. На состанокот на кој беше премиерот и неколку министри не добивме бројки. По состанокот го замоливме да ни достави информација до канцеларијата во Виена, но не добивме одговор.

Колку тоа Ви зборува за односот на државата кон медиумите?

Признавам тоа ме разочара, бидејќи многу зборува за односот кон медиумите, но и уште повеќе не мотивираше регионалната конференција да се одржи токму во Скопје. Знаевме дека не смееме да ја заборавиме Македонија и дека треба сериозно да бидеме присутни тука. Се разбира, дел од одговорноста е и кај новинарите, бидејќи не постои солидарност и нема единствен став околу некои прашања. Но, од друга страна, најголемата одговорност е кај државата, која треба да создаде услови, да донесе закони. Државата е таа која управува со големи финансии. Очекуваме државата да има поголемо разбирање за потребите на новинарите.

Чувствувате ли дека е променет амбиентот во Македонија во овие три години?

Ништо не е променето. Дел од новинарите што ги среќавав тогаш беа депресивни, бидејќи едноставно сфатиле дека не можат да работат на професионален начин и без ограничување. Кај нив ништо не е променето. А, ништо не е променето ниту кај оние новинари кои се блиски до Владата, кои и тогаш и сега се задоволни. Самото тоа што ништо не е подобро - е губење време. Но, она што јас го гледам е се' поголемо губење на професионалноста на медиумите. Промените на подобро што се направени се во нијанси и не се видливи на прв поглед и се добива впечаток дека е исто како и порано, па дури и полошо. А, тоа што не' загрижува е што се' уште постојат закони кои овозможуваат новинарите поради пишување да завршат во притвор или затвор.

На првиот ден од конференцијата учествуваше и шефот на македонската дипломатија Никола Попоски. Колку од неговите одговори на новинарските прашања, добивте впечаток дека Владата ги разбрала пораките на меѓународната заедница и на домашната јавност?

Доаѓањето на министерот за надворешни работи, секако, дека е позитивен гест, бидејќи македонската Влада испратила свој претставник да го отвори форумот. Но, она што е разочарувачки, бидејќи цело време бевме во контакт со нашите партнерски организации од овде, е тоа што по толку многу ангажирање, две до три недели пред конференцијата, добивме одговор од кабинетот на премиерот Никола Груевски, дека тој нема да дојде на конференцијата. На сите досегашни конференции се појавуваа премиерите.

Каков вид поддршка можете да им дадете на македонските новинари?

Генерално, поддршка даваме таму каде што сметаме дека состојбите се сериозни. Не можеме да реагираме за секој помал случај, бидејќи за тоа постојат новинарски здруженија и различни медиумски групи. Ако домашните организации наидат на блокада, тогаш ние се обидуваме да извршиме позитивен притисок. Нашата помош не е само во рамките на нашата организација, туку се координираме и со многу други медиумски организации во светот. Соработуваме и со владини организации, но и со Советот на Европа, ОБСЕ, Европската комисија. Ако сакаме да укажеме на некој проблем, тогаш ги мобилизираме и дипломатските претставништва.

Колку се големи македонските проблеми споредени со другите земји од регионот?

Секогаш кога одам некаде, ги разочарувам луѓето кои ќе ми се пожалат, бидејќи им велам ако е за утеха, не сте единствени. Факт е дека секоја политичка гарнитура сака да остане на власт и првата работа што ја прави е да ги стави под контрола медиумите. Тоа не е македонски рецепт или нешто необично. Зависи од новинарите како ќе се борат со тоа и колку ќе бидат единствени. Има држави во кои ситуацијата е многу полоша од

Македонија. Да не ги спомнувам државите како Белорусија,Турција, каде што имаме голем број новинари во затвори, па дури и физички ликвидирани.

Не е Македонија најлоша по тоа прашање и се' уште постои позитивна енергија. Не мислам дека Македонија е на толку лош пат, но она што мора да се случи е државата да разбере дека има обврски кон медиумите и оти мора да им овозможи добри улови за работа. Новинарите мора повеќе да соработуваат и да ги почитуваат професионалните стандарди. Ако новинарите сами не ги почитуваат професионалните стандарди, тогаш е залудна помошта од странство. Како да му помогнете на новинарот ако тој самиот не сака професионално да ги извршува новинарските задачи?

Link: http://www.utrinski.mk/?ItemID=C9C26CA49887EC4DB5911E5536ED0FF8

Bianet.org
14.11.2014

## OBC Offers Insight into Media Freedom in Southeast Europe




Observatory of Balkans and Caucuses (OBC) and and its partners, SEEMO, Ossigeno Informazione, Professor Eugenia Siapera (Dublin City University) will present the interim results of research and activities under the Safety Net for European Journalists project, an EU-supported initiative aimed at supporting threatened journalists in 11 countries in Southeast Europe. "We are carrying out an information campaign on media freedom in Italy, South East Europe and Turkey, by monitoring and documenting violations against journalists," Luisa Chiodi, OBC's director, said. "Our initiative is aimed at offering concrete support for threatened journalists and raising awareness among policy makers and public opinion about a problem that has and European-wide dimension and threatens the right to information and democracy in Europe." On the first day of the SEEMF 2014 Thursday (October 16th), Professor Eugenia Siapera will offer participants an overview of the press freedom situation in Italy, Southeast Europe, and Turkey. "Our findings indicate that there is a direct relationship between the state of the field of journalism and threats to media freedom," Professor Siapera said. "The more the concentration of media ownership, the more the 'infiltration' of the media field by other interests, the more the threats received by journalists and the more vulnerable they are to such threats and pressures," she added. According to Siapera, a second highlight of the findings includes what is perceived by journalists as lack of solidarity by other journalists. SEEMF brings together media CEOs, leading journalists, editors-in-chief, business professionals, CEOs from companies active in South East and Central Europe, representatives of marketing and public relations agencies, civil society representatives, academics and representatives of state institutions from South, East and Central Europe. The results will be made available at the VIII South East Europe Media Forum 2014 (SEEMF 2014) in Skopje, Macedonia on 16-18 October 2014.

Link: http://www.bianet.org/english/world/159181-obc-offers-insight-into-media-freedom-in-southeast-europe

Mladiinfo.eu
20.05.2014

## Outstanding Merits in Investigative Journalism Awards

Deadline: 30 May 2014
Open to: journalists from the CEI Member States.
Award: 4,000 euros for professional journalists and 1,000 euros for young journalists.
ТУЖБИТЕ НОСАТ СТРАВ И САМОЦЕНЗУРА

Главните уредници со критики кон постоечкото законско решение, како што велат, се влечкаме по судови наместо да се занимаваме со новинарство. Уредникот Зоран Андоновски смета дека е истоштувачко искуството со одење по судови.



„Понижувачки е да се одговори  на тужби за клевета кои немаат врска. Најголем број на приватни тужби беа поднесени во времето кога јас бев уредник на Време и Нова Македонија, истоштувачко е искуството со влечкање по судови наместо да работите новинарство. Од моето искуство има две заклучоци, едната работа е лоша едната е добра. Доброто е што после тоаповеќе внимавате, а лошото е што после 5-6 тужби следува автоцензурата. Наместо да се занимаваме со суштината на темата за која се пишува ние се плашиме од можната тужба‟, изјави за Инбокс7, уредникот и новинар Зоран Андоновски за Инбокс7.

За него овој закон е непотребен, бидејќи таа проблематика веќе е апсолвирана со постојната законска регулатива, со неговото носење само се заострил проблемот кој што требало да го решиме.

Со ваков закон најлегитимно е мешањето на сопствениците на медиумите во уредувачката политика, вели Горан Михајловски, главен и одговорен уредник на дневниот весник „Вест“.



„Полошо е секој си дава за право да тужи. Во овој закон казните за новинарите ја зголемуваат самоцензурата, а газдите се поттикнати да се мешаат директно во уредувачката политика. Во последните судски процеси од свештено лице и еден државен службеник судот пресуди во моја корист, но тие се жалаат на Апелација па сега ќе видиме што ќе се случува, сметам дека судот добро пресудил“, дециден е Михајловски.

ПОТРЕБНА Е ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА НА ЗАКОНОТ

Експертските се на мислење дека слободата на медиумите и говорот во Македонија е загрозена и од силните врски кои постојат меѓу власта, бизнисмените и уредништвата. Според Петрит Сараќини од Македонскиот институт за медиуми Законот за навреда и клевета донесе малку решенија и многу нови проблеми.

„Од она што досега го видовме тој може да биде користен како инструмент пред сè за притисок врз слободните новинари и медиуми но и за поттикнување на самоцензурата. Високите казни, диспропорционалитетот во изрекување на казните (некои случаи се судат, некои се заборааат), како и силниот притисок кога се суди за луѓе кои се во високите ешалони на власта, покажува дека таму има работи кои треба допрва да се решат, но тоа е само еден од елементите кои ј нарушуваат слободата на медиумите. Една од главните причини кои со години ја детектираме е спрегата меѓу владеачките партии, големите бизниси и уредништвата, која сериозно ја поткопува медиумската слобода и потенцијалот таа да се анулира.Внатре во редакциите се користи принципот на стап или морков, стапот за тие што се непослушни и сакаат да бидат новинари, морковот за тие што се послушни и политички подобни. Токму поради тоа добрите новинари, коишто работат според стандардите и етиката најчесто се бркаат од работа или доколку имаат среќа да бидат во јавниот сервис ќе бидат ставени во некој дел од редакцијата каде што ќе бидат заборавени и ќе имаат некој третман на внатрешно раселени лица“, истакнува Сараќини.

Тој објаснува дека и внатре во медиумските куќи се случува и корупција на новинарите, „освен лостот на заплашување, преку разни тендери на некои други форми преку кои што им се доделуваат разни хонорарчиња, работа во повеќе медиуми или повеќе медиумски платформи и сето тоа најчесто финансирано преку државни пари или владини реклами или преку инструкција кон бизнисите кои се блиски до власта да ги даваат своите реклами во оние медиуми кои што се во пријателски односи со власта“ вели Петрит Сараќини.

Каде да се бара излез од амбисот во кој западнаа медиумите во Македонија, бележејќи рекорден пад за 82 места за само две години на индексот на слобода на изразување.

Извршниот директор на организацијата „Репортери без граници" од секцијата во Германија, Кристијан Мир, упати силен повик до властите за стопирање на сите судски процеси против новинари и итно пуштање на слобода на Кежаровски.

Според него, Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда има многу критични точки, посебно околу дефинирањето на новинарството и потребно е негово демократизирање.



*„Најпрво, треба да се промени начинот на респектирање на човековите права кои се викаат слобода на печат и тоа треба да започне со некои многу конкретни одлуки. Како што е слобода за Томослав Кежаровски, во услови на независно новинарство тоа мора да се реализира зашто е вистинскиот индикатор, симбол на слободата тука во Македонија. Тоа е првата работа. Втората која сакам да ја истакнам е дека е потребно навистина* поголема транспарентност во медиумските врски со јавните реклами затоа што тука е поентата за влијанието врз медиумската содржина и врз медиумската независност", изјави за Инбокс7, Мир.



Евроамбасадорот Аиво Орав вчера повторно ги потсети домашните политичари дека слободата на медиумите е еден од клучните предуслови за влез во Европската унија, а состојбата во Македонија продолжува да биде проблематична.Тој се повика на извештајот на Европската комисија. Според него, формирањето на Советот на етика на медиумите е основа за напредок во оваа сфера.
На дводневната конференција на СЕЕМО која се одржува во Скопје генералниот секретар на Организацијата за медиуми на Југоисточна Европа, Оливер Вујовиќ, оцени дека нетранспарентното владино рекламирање ја доведува во прашање слободата на медиумите.



„Она што нас посебно не загрижува во Македонија е владиното рекламирање. Како се одредуваат средства за рекламирање и на кој начин тие се распределуваат. Тука навистина недостасува транспарентност. Ние пред две години имавме средба со македонскиот премиер и оттогаш се обидуваме да добиеме некои официјални податоци, но уште не сме добиле одговор колку државата одвојува пари за реклмирање во медиумите‟, изјави Оливер Вујовиќ – генерален секретар на SEEMO.

ДЕМОНСТРАЦИЈА НА СОЛИДАРНОСТ

Тоа што новинарите се соочени со егзистанцијални проблеми е само потврда дека законот е лош, сметаат новинарите. Неколкупати досега во хуманитарни акции организирани од самите новинари или нивните пријатели се собираат финансиски средства за новинарите од „Фокус‟, за семејството Кежаровски, како и сите други чија егзистенција е загрозена.

Според Чаусидис новинарското достоинство е погазено, новинарите се затвораат, добиваат закани за физички напади, а оние што работат во независните медиуми се казнуваат со високи казни за пренесено мислење новинарската солидарност е неопходна. Чаусидис повикува на солидарност за новинарите на „Фокус‟ и за Томислав Кежаровски, кој е во домашен притвор бидејќи, како што вели, утре секој од нас ќе страда – поединечно.



Главниот и одговорен уредник на порталот „Либертас‟, Ацо Кабранов дел од вината ја адресира кај самите новинари. „Проблемот е кај нас, зашто молчиме. Живееме во двоглав режим, предводен од Груевски и Ахмети, а треба да знаеме дека ниту една власт не би го дала она што не го бараш или ако молчиш. И уште повеќе се затвораме во своите гета‟, смета Кабранов.

За разлика од Кабранов, Сараќини е ставот дека заедницата полека се буди. „*Имаме добра стартна основа гледаме дека заедницата се буди но, треба таа солидарност и таа соработка да биде многу поискрена покоординирана* да не се гледаме како конкуренција особено во овие времиња*, бидејќи сега треба да извојуваме една поголема и поважна битка-* битка за нашата слобода*. Второ, треба да се инвестира што повеќе во независна содржина, медиуми коишто се слободни,* новинари коишто истражуваат*. Тука пред се е важна* улогата на меѓународната донаторска заедница*, меѓународните институции но, и на тие внатрешни структури коишто колку толку можат да придонесат во таа борба, без оглед дали се тоа приватни бизнисмени или некои домашни фондации. Трето,* треба што помалку да се бавиме со себе особено во случајот кога гледаме дека настаните коишто ни се наметнуваат за дискусија се само со цел да се етикетираат или омаловажат или да дискредитираат новинари*. Очигледно дека сите лостови на моќ се во рацете на власта и судството и обвинителството и полицијата*‟, вели Сараќини.

На прашањето на Инбокс7, што ќе се случи доколку на 24 овој месец Апелација ја потврди пресудата за Кежаровски, Сараќини рече дека очекува силна реакција од новинарската фела.„*Соопштенија нам не ни вршат работа. Видовме дека првиот пат кога поцврсто застанавме позади нашиот колега имаше каков таков резултат, тој веќе не е во Шутка туку е во домашен притвор.* Сигурно дека реакцијата ќе биде силна“, истакнува тој.

Синдикалниот лидер Тамара Чаусидис потсетува дека половина од членовите на Иницијативниот одбор за ослободување на Кежаровски се членови на Извршниот одбор на ССНМ, тоа доволно говори колку Синдикатот е вклучен во одбраната на Кежаровски, а преку него и одбраната на правото на истражувачко новинарство.

ОПАЃА ИНТЕРЕСОТ ЗА СТУДИРАЊЕ НОВИНАРСТВО

Според информации од Високата школа за новинарство и односи со јавноста, чијшто основач е МИМ, од година во година опаѓа интересот за запишување на нови студенти на студии по новинарство. „Очигледно тоа е состојба којашто коренспондира со реалноста. Не верувам дека некој кој реално ги согледува состојбите гледа некаква иднина во ова професија. Иднината постои, тие новинари и тие медиуми коишто ќе ја воспостават повторно врската со нивните вистински газди- публиката‟, вели Сараќини од МИМ.

Link: http://inbox7.mk/?p=2620

kurir.mk
16.10.2014

## Меѓународна конференција „Медиумите во Југоисточна Европа: Недоволно или премногу информации“

Денеска во Скопје ќе започне „Медиумите во Југоисточна Европа-Недоволно или премногу информации“ е насловот на меѓународната конференција што во организација на  Медиумската организација на ЈИЕ (SEEMO), Централно-европската иницијатива и Фондацијата „Конрад Аденауер

На отворањето ќе зборуваат реномирани домашни и меѓународни претставници од сферата на медиумите, граѓанското општество, државните институции и академската јавност ќе дебатираат за прашања поврзани со пристапот до информациите од јавен карактер за новинарите, новинарството базирано на податоци, приватноста и заштитата на новинарските извори и медиумската саморегулација.

Медиумското покривање на настаните во Украина ќе биде опфатено во посебна сесија. Повеќедневниот форум се реализра во соработка со Советот на Европа, австирското Министерство за надворешни работи и евроинтеграции, EBU, Здружението на новинарите на Македонија и Македонскиот институт за медиуми.
На конференцијата ќе учествуваат новинари и медиусмки работници од регионот на ЈИЕ од Украина. Воведни обраќања ќе имаат претставници на СЕЕМО со седиште во Виена, на претседателот на СЕЕМО за Македонија Горан Михајловски, Тарја Туртија претставник на УНЕСКО од Парис. Предвидено е учесниците да ги поздрави министерот за надворешни работи Никола Попоски, кој треба да учествува и на дебата со уредници од македонски медиуми на тема „Медиумите и политиката во Македонија“.

Пред стартот на форумот ќе се одржи посебна сесија на која ќе биде претставен новоформираниот Совет за етика во медиумите на Македонија.

Link: [http://kurir.mk/makedonija/vesti/175081-Megunarodna-konferencija-Mediumite-vo-Jugoistocna-Evropa-Nedovolno-ili-premnogu-informacii](http://kurir.mk/makedonija/vesti/175081-Megunarodna-konferencija-Mediumite-vo-Jugoistocna-Evropa-Nedovolno-ili-premnogu-informacii)

Lider.mk
16.10.2014

## Дебата „Медиумите и политика во Македонија“

„Медиумите и политиката во Македонија‟ е насловот на дебата што во рамки на Меѓународната конференција „Медиумите во Југоисточна Европа-Недоволно или премногу информации‟ се одржа вечерва во Скопје.
Министерот за надворешни работи Никола Попоски во обраќањето пред присутвите подвлече дека слободата на медиумите е една од клучните области за евроинтеграциите на Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, каде има простор за подобрување на состојбите. Тој смета дека во оваа област не треба да даваме црно-бели слики, бидејќи секој има одговорност – власта, опозицијата, судството, но и самата новинарска фела.
– Мнозинството во Парламентот има одговорност  бидејќи ги носи законите, има одговорност во нивната примена. Има друг дел кој се однесува на сите оние кои ги применуваат законите. Има трет дел на луѓето кои доаѓаат од фелата и кои се исто така одговорни колку за почитување на определени воспоставени стандарди или самонаметнати стандарди, доколку говориме за некој етички кодекс толку и кон прифаќањето на спротивставени ставови. Мислам дека во овој дел е најголемиот напредок кој треба да го направиме, особено во периоди во кои имаме многу изразена политичка поларизација и во кои немањето на јасен пат на чекори кои не водат кон почеток на преговорите и водење на преговорите и членството кон ЕУ, бидејќи во овој случај е полесно сами да си ги поставувате тие стандарди, ќе бара од нас многу поголем ангажман, рече Попоски.
Според Ерол Ризаов, уредник во „Утрински весник‟, во медиумите се случува процес на назадување бидејќи од 34. место пред шест години, Македонија денес е рангирана на 124. место според слободата на медиуми.
– Ние сме во време на една голема цензура и тоа не можеме да го прерипнеме. Тоа можеби нема врска со надворешната политика, но има врска со ЕУ, рече Ризаов кој упати прашање и за укинувањето на хумористичната емисија „Хихирику‟, бренд на Македонското радио.
Јасмина Миронски претседател на Македонскиот интитут за медиуми, оцени дека во државата постои поларизација за која, вели е одговорна и власта и опозицијата, а која е надополнета со поларизација на медиумите. Во тој процес попатно, оценува, загубена е јавноста, а новинарите на патот кон вистината премногу се доближија до политичарите од едната или другата страна.
– Ние живееме во еден црно-бел свет и во две едноумија – едноумие на власт и едноумие на опозиција. На луѓето треба да им ги дадеме фактите, а тие да оценат што е добро а што лошо за нив, рече Миронски.
Биљана Трендафилова уредник во МРТВ изјави дека националниот сервис со силни напори изминатите две години со новиот менаџерски тим се обидува да работи професионално и балансирано во вестите. Целта е вели да станат европски независен јавен сервис.
Претседателот на Здружението на новинарите на Македонија, Насер Селмани ја искористи дебата за да упати прашање дали Владата ќе го искористи правото да побара аболиција за новинарот Томислав Кежаровски за кого Апелациониот суд идната недела треба да се изјасни по неговата жалба за пресудата од 4,5 години затвор поради објавување име на заштитен сведок.
Попоски изјави дека е опасно да се прејудицираат судски одлуки. – Тоа е во рацете на судската власт и какво и да биде решението треба да биде почитувано доклку сакаме да ја почитуваме уставната категорија на поделба на надлежностите, рече Попоски.
Меѓународната конференција „Медиумите во Југоисточна Европа-Недоволно или премногу

информации“, која е во организација на Медиумската организација на ЈИЕ (SEEMO), Централно-европската иницијатива и Фондацијата „Конрад Аденауер“ продолжува со програмата во наредните два дена.

Link: http://lider.mk/2014/10/16/debata-mediumite-i-politikata-vo-makedonija/

Dokaz.mk
17.10.2017

## Го забранија и „Хихирику“

Почитувани читатели, емисијата за хумор и сатира „Хихирику“ заврши по 40 години слободно емитување, хи, хи, хи…

Култната емисија на Радио Скопје – „Хихирику“, не се емитува повеќе. Згасна еден од најголемите брендови во македонскиот етер. Најслушаната сатирична програма на сите времиња, која 40 години ни измамува смеење, по некоја тажна насмевка и не’ подзамислува, е забранета на перфиден начин, типичен за ова време. Нема пари за хонорари. Единствениот вистински петел на Македонското радио, чие рано кукуригање со децении ја будеше нацијата, кој ги надживеа сите системи и кризи, го заклаа и го изедоа за појадок големите демократи, патриотските извршители и уредници кои водат грижа да не се вознемирува власта.

Оправдувањето со немање пари и високите хонорари на авторот на емисијата и актерите е голема лага. Околу 1.400 евра месечно е вкупниот хонорар на целиот тим на „Хихирику“ од седум-осум члена, сите до еден врвни професионалци почнувајќи од првиот човек Иван Карадак, па до кремот на хуморот и сатирата, поточно она што остана од овие изумрени литерарни и медиумски родови. Сите тие заедно земаат, односно треба да земат околу 1.400 евра хонорар месечно за четири до пет емисии во зависност колку саботи има месецот. Главниот автор зема околу 400 евра месечно, а врвот на сатиричниот театар, шест познати македонски глумци, земаат од 150 до 200 евра месечно. Всушност, толку треба да земаат според договорот, ама веќе цела година не им се исплаќаат хонорарите, па не земаат ништо. Со други зборови, преку менаџментот на Радио Скопје им праќаат јасна порака – одете си, гледате ли дека како што ви се зголемува слушаноста, така расте нервозата во уредувачките колегиуми и во комуникацискиот центар на ВМРО-ДПМНЕ. Целиот тим на „Хихирику“ со месеци е соочен со мистична незаинтересираност на уредничкиот врв на Радио Скопје за својата најслушана емисија, за имиџот на радиото. Тоа не значи ништо друго, туку забрана на хуморот и сатирата на Македонското радио на несфатливо арогантен начин. Со тоа јавниот сервис МРТВ, кој одамна не е тоа, само уште еднаш ја покажа својата грда слика во служба на власта која ја гледаме на МРТВ секој ден.

Само од едно патување на новинарските екипи од МРТВ во придружба на претседателот и премиерот по светот можат да обезбедат скромни хонорари за цела година на екипата на „Хихирику“. Во една слична ситуација пред две години овие сјајни луѓе што го прават „Хихирику“ се откажаа од своите двомесечни бедни хонорари само за емисијата да остане во живот.

Раното кукуригање на „Хихирику“ разбуди едни други успани петли кои мислат дека поради нивните шарени пердуви и кукуригање изгрева сонцето. Тие борбени патриотски петли толку се заслепени од боите на власта што не можат да видат дека некои од сатиричните прилози на Карадак искажани од врвни македонски артисти биле напишани, снимени и емитувани за време на претходната власт. Нивната реприза денес ја вознемирува актуелната власт. Нема поголем доказ за непристрасност и за оправдано исмевање на злоупотребите и грешките на секоја власт. Кога една власт се препознава во грешките на претходната нема што повеќе да се додаде. Знам дека веднаш ќе рипнат војниците на ВМРО-ДПМНЕ стационирани во МРТВ да соопштат, две недели по неемитувањето на „Хихирику“, дека никој не ја забранил емисијата, дека во прашање се некакви недоразбирања, па поради тоа извесен период не се емитува најслушаната емисија, дека има одредени финансиски тешкотии и слични дрдорења вообичаени кога режимите ќе ги фатат на дело во нивната акција се’ што штрчи да се скрати.

Кога се цензурираат хуморот и сатирата што како единствен вентил за празнење на нацијата го оставаа слободен и најголемите диктатори, тогаш е јасно на кое дереџе е дојдена Македонија. Само пред неколку дена без да знам за забраната на „Хихирику“ пишував за тоа како се прогонети од македонските медиуми сатирата, хуморот, карикатурата, пародијата и козериите кои во комунизмот беа редовни рубрики и во весниците, списанијата и на МРТВ. Во Македонија остана уште каишот на Дарко Марковиќ и Бубамара на Ранко Петровиќ. Дар-мар по сите премрежија е доцна да го забранат, а Бубамара лета само еднаш годишно, некогаш високо, некогаш внимателно ниско по земја, па може да се поднесе. По нив ќе раскажуваме вицеви со шепотење и со смеење во себе.

Во Скопје е во тек регионалната конференција за Југоисточна Европа СЕЕМО, претпоставувам не сте чуле барем до денес оти немаше ниту една најава по медиумите дека тука во главниот град на Македонија ќе водат расправа новинари, уредници и медиумски експерти од 20 европски земји. Темата е слободата на медиумите, односно „недоволно или премногу информации“. По забраната на последната сатирична програма во Македонија, тоа што не го направија ни најголемите европски деспоти, ни во комунизмот, ниту во фашизмот, ниту во капитализмот, се случи кај нас. Мислам дека по ова, сите сериозни анализи и мудри дискусии ја губат смислата. Македонија е земја во која се убива духот на народот, се забранува смеењето. На граѓаните на Македонија им е одземено правото на точна информација која можат брзо да ја проверат. Ја изгубивме слободата што ја имавме пред четири децении, пред две децении и пред девет години. Никој никогаш во оваа држава не забранил хумор и сатира. Ете ова ни се случи нам денес во 21 век.

Тоа и не е најстрашно. Многу полошо е што и оваа тажна епизода од времето на груевизмот ќе заврши прилично спокојно, молкум, со слузта на устите на нашите интелектуални и демократски елити, ќе нема ниту еден протест во МРТВ за срамот што ни е нанесен на сите, ниту пак ќе има нешто повеќе од куртоазија во другите медиуми. Граѓаните уште две-три недели ќе прашуваат зошто го нема „Хихирику“ и толку. Секое чудо за три дена.

Еден голем поздрав до СЕЕМО и организаторите на конференцијата. Одете заседавајте на друго место, во земјите каде што навистина има проблеми со слободата на медиумите со вишокот и недостигот од информации. Ние овде сме океј, ништо не ни треба се’ си е на своe место. Никогаш не сме имале поголема слобода. Нема коруптивни реклами и кампањи на Владата по медиуми, нема притисок врз уредувачките политики на најгледаните телевизии, нема во затвор новинари, газди на медиуми, свештеници и политичари. А, и ако има, тоа се криминалци и предавници на татковината и таму им е местото. Информирањето на граѓаните е прекрасно, на сите страни саде убавини и успеси. Јавниот серис е јавен сервис за сите граѓани, нема цензура, ни самоцензура… сите си ја знаат работата во државата која е првак по реформи и сиромаштија во Европа. Навистина, овој пат без иронија, веќе не е потребен никаков притисок врз медиумите. Лоботомијата е успешно изведена. Медиумите функционираат како што сака власта без никој ништо да им каже или да им се заканува на новинарите. Остануваат само уште неколку мали оази како што беше „Хихирику“, но многу бргу и таа работа ќе биде завршена, оти се’ повеќе стрчат тие непријателски дувла каде што работат странските платеници.

Почитувани читатели и слушатели, емисијата за хумор и сатира „Хихирику“ заврши… Доста ви беше 40 години смеење и слобода. Хи, хи, хи…

Link: http://www.dokaz.mk/go-zabranija-i-hihiriku/

YOUTUBE

https://www.youtube.com/watch?v=5ytXzkwvMEw
https://www.youtube.com/watch?v=x31-O0kY-64
https://www.youtube.com/watch?v=5G4f0Yj1m3I
https://www.youtube.com/watch?v=VLfsiPKXRUA
https://www.youtube.com/watch?v=qEH-sQx_xYE
https://www.youtube.com/watch?v=YfEbv0Xr4_U
https://www.youtube.com/watch?v=w9NyCCkCytE
https://www.youtube.com/watch?v=5LqhM3Qb0-A
https://www.youtube.com/watch?v=KkNCHNvKZdI
https://www.youtube.com/watch?v=maS3r_duVvQ
https://www.youtube.com/watch?v=9m0hf05ckos
https://www.youtube.com/watch?v=nYif0DO8wzI
https://www.youtube.com/watch?v=O-xtNQhjJ2k
https://www.youtube.com/watch?v=XBhj_6cxEW0
https://www.youtube.com/watch?v=eUNMh4cwPJQ
https://www.youtube.com/watch?v=PpE8lyWecq8
https://www.youtube.com/watch?v=zJhd0_3txB4&feature=youtu.be